Драган ВЕЛКОВ

# АКТИВНОСТА НА СРПСКАТА ЧЕТНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ОД ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК ДО 1905 ГОДИНА

## А) ФОРМИРАЊЕ НА ПРВИТЕ РАКОВОДНИ ТЕЛА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ИСПРАЌАЊЕ НА ЧЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА 1904 ГОДИНА

Трагичната судбина што ја доживеал македонскиот народ по неуспехот на Илинденското востание оставила длабоки траги во натамошниот развиток на Македонија. Таа станала понеизвесна од оној момент кога буржоаските влади на малите, полетни балкански државички: Краслството Србија, Кнежевството Бугарија и Грција започнале преку свои вооружени формации да се мешаат во животот на Македонија, нанесувајќи му на тој начин големи штети на македонскиот народ кои, по своите размери и последици ги надминале во извесни случаи дури и многубројните злосторства што ги правеле турската војска и разбојничките банди.

Следејќи го примерот на Бугарија и Грција кои уште од порано дејствувале со вооружени чети во Македонија, Кралството Србија особено по Илиндекското востание тргнало по тој пат, енергично зафаќајќи се со формирање, финансирање и раководење на четничко движење чија дејност исклучиво била насочена во правец кон остварување на завојувачките планови на Кралството Србија спрема Македонија. Ова било нов курс во српската надворешна политика спрема Македонија, спроведувана сега со оружје со кое требало ако не цела Македонија тогаш барем еден дел од неа да се стави во посед на трајно владеење од страна на Кралството Србија. Ова дотолку повеќе што веќе во почетокот на 1904 година дошло до извесни контакти[1] меѓу соседите на Македонија. Ваквите контакти во овој момент и оние што ќе следат подоцна јасно ќе ја откријат на повидок вистината дека Македонија на почетокот на

---

[1] До контакти меѓу соседните на Македонија монархии Кралството Србија и Кнежевството Бугарија дошло кон крајот на месеu март 1904 година. Централното прашање во преговорите меѓу овие монархии била Македонија. Водени на највисоко државничко ниво овие преговори, што започнале на 26 март 1904 година, завршиле со потпишување на дговор за поделба на Македонија на сфери на влијанија меѓу спомнатите земји на 31 март истата година.

XX век станала прицелна точка за нејзините соседи кои веќе со оружје дејствувале на нејзиниот терен.

Мислата за започнување вооружена четничка акција во Македонија се зародила во Кралството Србија уште пред Илинденското востание. Околу овој проблем започнале да обмислуваат претставници на крупната, трговско-индустриска буржоазија кои, описени до фанатизам од идејата за обнова на границите на некогаш ,,Велика Србија", од една страна, и раководени од своите тесно-класни интереси, од друга, започнале подготовки за изградување на четнички институт.

За разлика од Кралството Србија, Бугарија и Грција во првите години на XX век имале веќе изградени четнички институти кои, поставени на здрави основи и веќе со неколкугодишно искуство, белееjеле крупни резултати во својата активност на теренот на Македонија. Следејќи ја целокупната активност на четничките организации на своите соперници, раководните државно-политички органи на Кралството Србија презеле низа мерки со цел и тие да го изградат својот институт и да ги определат насоките на неговото дејствување. Ова нешто станало императив во активноста на државничките органи на Кралството Србија бидејќи тие добро знаеле, дека без здрава, добро организирана и сестрано помагана четничка организација, илузорно е да се следат во чекор конкурентските пропаганди, а уште помалку да се очекува некаков успех. Затоа основоположниците на овој вид пропаганда во Кралството Србија, неуморно работеле врз изградувањето на својата четничка организација.

Српската вооржуена пропагнада во Македонија започнала да дејствува уште во 1900 година. Меѓутоа сè до крајот на 1904 година таа освен што успеала, а тоа по Илинденското востание да уфрли неколку чети во Македонија, не постигнала некои позначајни резултати. Тоа впрочем било и разбирливо зашто, организацијата не била изградена, немала раководен кадар а над сè јасен план за работа. Токму затоа, и како сведоци на активноста што на теренот на Македонија ја развиле четничките механизми на Бугарија и Грција борејќи се за обезбедување што посилни позиции во оваа сè уште периферна турска провинција, раководните државно-политички органи на Кралството Србија се судриле со неизбежната вистина дека без раководен апарат, солидна внатрешна организираност, без строго опредлен делокруг на рбота, како и без железна дисциплина во извршувањето на поставените задачи, не може да се очекуваат успеси, пристапиле кон тоа да ја консолидираат својата четничка организација и да отпочнат преку неа жива активност во Македонија.

Многу пожива активност во Македонија српската вооружена пропадна пројавила по Илинденското востание. Иницијативата за тоа ја дале веќе постојните раководни тела какви што биле Главниот и Извршниот одбор.

Главниот одбор како прв раководен орган на српската четничка организација, чиј процес на изградување започнал од оној момент кога

било формирано ова тело, бил основан во Белград 1902 година[2]. Во прво време во составот на овој одбор влегувале: Милорад Гоѓевац-општински лекар од Белград, Лука Ќеловиќ — трговец, Васа Јовановиќ — правник, Живоин Рафајловиќ — активен пешадиски мајор, Никола Спасиќ и Љуба Ковачевиќ — прфесор на Великата школа во Белград[3]. Интересно е да се спомне дека овој одбор за цело време додека дејствувала српската вооружена прапагнда во Македонија, не броел помалку од шест члена. Од друга страна исто така интересно е да се истакне дека овој одбор во прво време дејствувал под името „Белградска задруга", а неговото седиште било сместено во куќата на Лука Ќеловиќ[4].

Наскоро по формирањето на овој одбор започнал процесот на прибирање четници и нивно подготвување за испраќање на терен во Македонија. Меѓутоа, уште во самиот почеток на оваа работа, членовите на ова раководно тело се судриле со низа тешкотии. Согласно карактерот на дејноста што ја вршеле, членовите на овој одбор не биле во состојба најнепосредно да раководат со уфлањето на веќе вооружените чети преку граница. Плашејќи се да бидат откриени, а тоа можело да има сериозни последици врз Кралството Србија дотолку повеќе што, членовите на овој одбор биле познати општествено-политички работници, пред овој раководен орган се наметнало прашањето за формирање на уште едно раководно тело кое требало да дејствува во непосредна близина на оние места од каде најчесто биле уфрлени или прифаќани вратените од терен чети. За таа цел во текот на месец август 1903 година во Врање бил формиран нов четнички одбор. За формирањето на овој одбор како што изнесува еден од неговите основачи Живоин Рафајловиќ, претходел таен состанок што бил одржан ноќно време во просториите на централното српско основно училиште во градот Врање. „... Се договоривме брзо, пишува Рафајловиќ, бидејќи сите бевме расположени и задоени од тие идеи. Го формиравме првиот „Комитски одбор". Се заколнавме на кама и револвер. Заклетвата ја изврши врањскиот поп, покојниот Димитрие Павловиќ."[5]. Во овој одбор, како што го нарекува Коста Пеќанец Извршен одбор, на денот на неговото формирање влегле овие личности: Живоин Рафајловиќ, Михајло Стефановиќ-Цупара, Милан Граовац, Тома Ѓурѓевиќ—судија, Сима Златичанин професор од Врање и Панта Јованивиќ кој бил избран и за благајник на истиот[6].

Но, по извесно време од формирањето на овој одбор, се наметнала потребата од формирање на исти такви по должина на линијата Белград—Врање сè до српско-турската граница. Свесни за тоа дека со формирањето на нови тела ќе се зголеми бројот на раководниот кадар, Главниот и Извршниот одбор инсистирале новоформираните тела да

[2] Миленовић Миомир, Четничка акција— Енциклопедија Српско-Хрватско-Словеначка од Станое Станоевиќ, Кн. II, Загреб 1929, 974.

[3] Истото, 974.

[4] Хаџи Васиљевић Јован, Четничка акција у Старој Србији и Македонији. Београд, 1928. 18.

[5] Рафајловић Живоин, Наша Прва чета — „Јужни Преглед", часопис за науку и књижевност, Г. V/6—7, јуни-јули, Београд 1930, 265.

[6] Пећанац Коста, Четничка акција 1903—1912, Београд 1933, 67.

немаат законодавна и извршна власт туку да бидат пododбори и помошни тела кои ќе треба да прибираат сè она што било неопходно за подготвување, вооружување и испраќање на четите во Македонија. За таа цел, по извесно време, биле формирани пododбори во Лесковац и во Ниш[7]. Со формирањето пак на овие пododбори, кои заедно со Главниот и Извршниот го сочинувале првите раководни тела на српската четничка организација, истата ги поставила своите темели во внатрешноста на Кралството Србија. Но, тоа не значи дека таа била организационо изградена. Својот дефинитивен организационен изглед таа го добила кон крајот на 1905 година.

Што се однесува до местото на формирањето на Извршниот одбор — Врање, тоа не било случајно. Овој чекор на Главниот одбор како највисок орган на организацијата бил очекуван дотолку повеќе што Врање било близу до српско-турската граница, а неговата околина покриена претежно со густа шума била добра база за подготвување, уфрлување или прифаќање на четите. И навистина во текот на целиот период додека дејствувала во Македонија српската вооружена пропаганда, градот Врање и неговата околина биле главна капија преку која се испраќале или прифаќале вратените од терен чети.

Откако биле формирани главните тела и двата пododбори во Лесковац и Ниш, српската вооружена пропаганда ја засилила својата дејност во Македонија. За тоа невосмислено говори и фактот дека веќе во текот на 1904 година биле подиготвени и спратени во Македонија неколку српски чети.

Интересно е да се истакне дека иако успеале да уфлрлат свои чети на теренот на Македонија, постојните раководни тела на српската четничка организаиија уште од самиот почеток на оваа дејност се судриле со низа тешкотии, различни по својот карактер. Во прв ред тие тешкотии ги чувствувале четите како оперативни тела. Ненавременото снабдување на истите со ружје, муниција, облека, храна, санитетски материјали, пари, а над сè, непостоењето на сигурни бази на теренот за престој, биле сериозни пречки со кои се судриле раководните органи на овој пропаганден механизам. Решавањето на овие проблеми било тесно поврзано со формирањето на нови помошни тела-пododбори кои требало да се грижат за сè она што биле неопходно во процесот на нормалното одвивање активноста на оперативните тела-четите. Чувствувајќи ја потребата од такви, постоечки тела на српската четничка организаиија при-

[7] Рафајловић Ж., цит. прилог, 265. Во составот на Лесковачкиот четнички пododбор влегувале: Стеван Комненовиќ, Сотир Ѓорѓевиќ, Ѓорѓе Лешњак и поп Пера Вељковиќ додека, на чело на Нишкиот пododбор стоел Тодор Станковиќ. Тодор Становиќ (1852—1925) бил доглгогодишен полициски службеник. Во 1890 година бил назначен за српски конзул во Приштина, а потоа во Скопје. Бил едно време предложен за генерален српски кознул во Призрен но бидејќи турската влада не дозволила отворање на српски конзулат во ова место, Станковиќ бил поставен за окружен началник на Нишкиот округ. Бил член и на Главниот одбор на српската четничка организација (СЧО). Автор е на две книги за Македонија: Путне белешке по Старој Србији објавена во 1910 година и Белешке о Старој Србији и Македонији (1915). Наведено според Станое Станоевиќ, цит. епциклопедија, 413—414. За ова види и Јовановић М. Јован, Јужна Србија од краја XVIII века до ослобођења, Београд... с.а. 159.

стапиле кон нивно формирање. Како што се гледа од едно писмо на Главниот наречен уште и Централен одбор од 26 мај 1906 година, испратено под пов. бр. 323 од Извршниот во Врање, освен веќе постојните во Лесковац и Ниш, српската четничка организација имала формирано пододбори и во овие места: Пирот, Крагуевац, Ќуприја, Параќин, Пожаревац, Велика Градишка Лозница и Шабац[8]. Овие помошни тела како што веќе истакнавме биле ангажирани во прибирањето на разни прилози. Интересно е да се спомне дека сите прилози што пододборите ги прибирале, ги испраќале до друштвата „Српски Браќа" и „Коло Српских Сестара" во Белград, а овие по тајни канали ги препраќале до Главниот за да овој ги препрати исто така по строго дискретни патишта до Извршниот кој требало да ги раздели на четите.

Интересно е да се истакне дека паралелно со процесот за формирање на раководните тела на организацијата, се одвивала и необично живата активност околу подготвување, вооружување и испраќање на четите во Македонија. Како и погоре што истакнавме, со вооружување и испраќање чети во Македонија, Кралството Србија започнало да се занимава уште од почетокот на XX век. Тоа невосмислено го потврдува еден акт во Министерството за надворешни работи на Кралството Србија од 7 февруари 1901 година[9]. Имено, според тој акт, се гледа дека во 1900 година управителот на град Белград, некој Ј. Бадемлиќ, подготвил и испратил во Македонија две чети[10]. Според планот овие чети требало да заминат во дебарскиот крај и да развијат активност таму. Иако строго конспиративно биле подготвувани, а и тајно се движеле што било сосема нормално со оглед на карактерот на дејноста што ја вршеле, сепак една од овие тајно уфрлени чети била откриена. Имено на пат за дебарскиот крај, првата чета која броела 4 четника во близина на Гњилане била забележена од една албанска разбојничка банда и во куса престрелка со истата била разбиена[11]. Втората пак чета, составена од 10 четници, по засега непознат канал успеала во текот на месец мај да се прферли во дебарско каде се задржала до месец јули 1900 година од каде пак со помошта на српскиот конзул во Скопје трајно била вратена назад во Србија[12]. Засега не може со сигурност да се тврди со каква цел биле испратени овие чети, но може да се претпостави дека тие имале добиено задачи да ја извидат состојбата на теренот и по можност да го согледаат расположението на месното население за ваков вид дејност. Како и да

---

[8] Дипломатски архив при Државниот секретаријат за надворешни работи на СФРЈ, Белград (понатаму ДА СИП)-архивски фонд на српската четничка организација, стого пов. Ф. I. 1906 година, Док. Бр. 323.

[9] Архив на Македонија — Скопје. Фонд Министерство иностраних дела Краљевине Србије (понатаму: АМ—С. Ф. МИД—КС), Микро филм (МФ) 454, Ф. I. Документ со пов. бр. 1856 /1900 година.

[10] Истото.

[11] Истото. Во составот на Првата чета, која била откриена, влегувале: Јован Ѓиниќ, Јован Ѓорѓевиќ, Сима Крстиќ и Миле Стојановиќ.

[12] Истото. Во составот на Втората чета влегувале: Арсо Гавриловиќ, Ристо Јовановиќ-Крстиќ, Тренко Рујановиќ, Спиро Вељковиќ, Кузман Цветковиќ, Андон Атанасковиќ-Аврамовиќ, Душко Тасевиќ, Арса Мициќ-Стаменковиќ, Јане Џимитријевиќ, Наце, Јанковиќ-Јанаќиевиќ и Манојло Беранац.

е, државно-политичките кругови на Кралството Србија не престанале да испраќаат чети. Така на пример, во текот на месец јули 1901 година во Македонија била уфрлена уште една српска чета[13]. Таа стигнала дури до Кичевско каде, како што раскажува Никола Петров Русински, по кратко време се приклучила кон четите на организацијата[14] (Внатрешна — б.н.). Христо Силјанов спомнува[15] дека во текот на летните месеци на 1901 година уште една вооружена српска чета била уфрлена во Македонија. На чело на истата стоел војводата Стојан Донски, но и оваа чета по пристигањето на теренот била посветена во делото на организацијата[16]. Засеба не ни е познато дали освен овие чети биле уфрлени и други. По сè изгледа дека такви до пред почетокот на Илинденското востание и не биле испраќани. Меѓутоа, интересно е да се спомне дека токму во месец август 1903 година кога востаничките дејствија во Македонија биле во најголем ек, во Кралството Србија бил направен обид да се уфрлат две чети. Откако биле подготвени овие две чети, истите како што изнесува српскиот конзул во Скопје, Михаило Ристиќ, биле уфрлени преку граница[17]. Но при самото префрлување преку граница една од четите била откриена и десеткувана[19]. Втората чета која броела 7 мина четници успеала на просторот меѓу српските караули „Стојкова Чука" и „Русце" да ја помине границата и да навлезе во Македонија[18]. На чело на оваа чета стоел војводата Арсо Гавриловиќ[20]. Движејќи се тајно, оваа чета успелала да стигне до Кумановско. Но тука по еден судир со една турска потера била принудена да се повлече и наскоро да се соедини со четата на Скопскиот револуционерен округ[21]. Подоцна како што раскажува водачот на револуционерната чета Никола Пушкаров, српската чета се префрлила преку границa сместувајќи се во селото Буштрање близу Врање[22]. По испраќањето на оваа чета, на-

---

[13] Љапе Љубен, Неколку нови документи за 1903 година. „Годишен зборник" на Филозофскиот факултет — Скопје, Кн. 6, Скопје 1953, 238. За ова види и: Никола Петров Русински, Страници отъ моя дневник за 1901 година. „Илюстрация Илиндень", Г. 2, К. 10 (203, София 1929, 15—16 и Г. 3, Кн. 1 (21), 8—12; Силянов Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, том II, София 1943, 276—277. За истото види и кај: Трбић Василије — војвода Велешки, Мемоари, Каиро 1944, 38 — Институт за национална историја (понатаму ИНИ) ракопис; Јовановиќ М. Ј., нав. дело, 169.

[14] Русински Н. П., наведен прилог. . . „Илюстрация Илиндень". . . Г. 3, Кн. 1 (21), 8—12.

[15] Силянов Х., цит. дело, 277.

[16] Истото, 277.

[17] Лапе Љубен, Нови документи за Илинденското востание. Илинденски зборник 1903—1953, Скопје 1953, 71.

[18] Истото, 71.

[19] ДА—СИП—Београд. Фонд: Извршен Одбор на Српската организација — Врање. Ф. 9 документот е без датум, оригинал-ракопис.

[20] Арсо Гавриловиќ е Македонец по потекло. Родум е од Гостиварско. Како печалбар бил вовлечен во редовите на организацијата. За тоа „голема" заслуга имал д-р Милорад Гоќевац. Бил водач на првата чета што Живоин Рафајловиќ ја испратил во Македонија.

[21] Движението отсамъ Вардара и борбата съ Върховистѣ. По спомените на Яне Сандански, Черню Пѣев, Сава Михаилов, Христо Куслевъ, Иван Анастасов Грчето, Петър Юруков и Никола Пушкаров. Сообщава Љ. Милетиќ, София 1927, 193.

[22] Истото, 193.

станало извесно затишје на полето на оваа активност. Тоа не било резултат на некакво обесхрабрување на раководните органи на оваа пропаганда, туку во прв ред на состојбата што тогаш владеела како во Кралството Србија така и во Македонија. Имено внатрешната состојба во Краството Србија по Мајскиот преврат од 1093 година била несредена. Во Македонија пак беснеел теророт над населението од страна на турските војски. Но без сомневање дека сите овие настани влијаеле врз застојот на горната активност на органите на српскта вооружена пропаганда, најверојатно е дека врз таквиот исход влијаел оној категоричен став што во својот извештај од 25 август 1903 година[23], испратен до Министерството за надворешни работи на Кралството Србија, го зазел српскиот конзул во Скопје, Михаило Ристиќ, искажан со овие зборови

„... Ве молам да го сопрете играњето со оган од проста та причина што сметам дека имам полно причини да мислам оти оваа работа е преземена не само без знаењето на Кралската влада туку и спротивно на нејзините мисли, па според тоа и е штетна не само за државната политика што ја води Министерстовото за надворешни работи, туку и за понатамошните народни интереси спрема она што знаат за оние на кои им се добро познати односите од оваа страна на нашиот јужен граничен плот“[24].

Како што веќе и погоре истакнавме, иако до крајот на 1903 година не биле уфрлени српски пропагандни чети во Македонија, би било илузорно да се помисли дека одговорните држано-политички органи на Кралството Србија прекратиле со работа од ваква природа. Напротив, паралелно со активностите околу подготвувањето и испраќањето на четите, се одвивал и процесот на формирање на раководните тела на овој четнички институт. Така, веќе во почетокот на 1904 година, српската четничка организација го добила својот изглед но, потполно сè уште не била изградена. Па сепак, поставена врз вакви соснови на теренот на Кралството Србија, српскиот четнчки механизам наскоро ќе пројави пожива активност. Тоа особено ќе дојде до израз во текот на 1905 година кога веќе организационо изградена, ќе испрати повеќе вооружени чети во Македонија.

Реализирањето на планот да се уфрлат што повеќе вооружени чети на теренот на Македонија, српската четничка организација започнала да го споредува во летните месеци на 1904 година. Во суштина со подготвување на чета раководните тела на оваа организација започнале уште во текот на месец март 1904 година[25]. Според Василие Трбиќ[26]

---

[23] Лапе Љ., Нови документи..., цит. Илинденски зборник..., 71, Док. бр. 24.
[24] Истото, 71.
[25] Трбић Василије, Мемоари...., 41.
[26] Василие Трбиќ е роден 1881 година во Бело Брдо — Славонија. Се школувал во родното место, Параќин и Алексинац. Едно време престојувал во Света Гора и Хилендар со цел да стане монах. Во 1902 година се вратил во Србија и веднаш се вклучил во редовите на четничката организација. Бил истакнат српски четнички војвода и водач на неколку чети што биле уфрлени во Македонија. По Балканските војни се

оваа чета требало да се испрати во скопскиот крај. Подготвувањето на оваа чета било тајно. Со нејзините подготовки најнепосредно раководеле Милорад Гоѓевац, генералот Јован Атанацковиќ, Голуб Јањиќ[27], Лука Ќеловиќ и Јосип Студиќ[29] што сите заедно влегувале во составот на Главниот одбор. Подготовките на оваа чета траеле 2 месеца. Подготвена и добро вооружена оваа чета од 25 четници[28] под водство на војводата Ангелко Алексиќ[30] во првите денови на месец мај 1904 година била испратена од Белград за Врање од каде по неколкудневен претстој во ноќта помеѓу 9 и 10 мај 1904 година во близина на манстирот „Свети Илија" кај селото Буштрање ја поминала српско-турската граница и навлегла во Македонија[31]. Оваа чета требало да дејствува во Кичевско. Но при нејзиното движење во Кумановско оваа чета била откриена во близина на селото Четирци. Тука меѓу месностите „Краста" и „Шупли Камен" на 14 мај 1904 год. се судриле со турската потера во кој судир српската чета била наполно разбиена[32]. Ваква трагична судбина доживеала и четата на војводата Тренко Ристиќ која, според Христо Силјанов, исто така била уфрлена во овој период во Македонија со задача да се пробие во Поречието и таму да развие дејност[33]. Но и оваа чета била от-

---

населил во Македонија — Велешко. Активно учествувал и во Првата светска војна, а по завршувањето на истта се населил во Прилеп. Во 1924 година на изборите за Народната скупштина бил избран за посланик на радикалната листа за Битолскиот округ. Во почеток на Втората светска војна емигрирал во Каиро, а по војната се вратил во Белград каде и умрел.

[27] Голуб Јањиќ, Македонец по потекло, роден 1853 година во село Маврово — Гостиварско. Бил прв претседател на српското националистичко друштво „Српски браќа" кое прибирало прилози за српската четничка организација. Заземал високи раководни места во нејзините редови. Умрел во 1918 година во Белград. За Голуб Јањиќ поопширно пишува: Пеќанац Коста, нав. дело, 12—15.

[28] Јосип Студиќ бил истакнат член на СЧО. По професија бил учител. Бил прв секретар на друштвото „Српски браќа" и член на Главниот одбор на оваа оргаизација. Поопширно за него види: Краков Станислав ,Пламен Четништва, Београд 1930.

[29] Во составот на оваа чета покрај војводата Ангелко Алексиќ влегувале и следниве 12 мина Македонци-печалбари: Мицко Кузмановиќ од Мидинци, Милан Дундаревиќ од Прилеп, Коце Аризановиќ од Пореч, Спиро Пеливан од Тетово, Прокопие Станоевиќ од Пореч, Стојан Новаковиќ од Пореч, Биљан Чоковиќ од Гостивар, Грујо Стефановиќ од Гостивар, Ѓоше Коцевиќ од Маргари, Крсто Михаиловиќ од Брезне, Марко Вељковиќ од Буковјани и Ѓорѓе Цветковиќ од Лешок. Според Пеќанац К.' нав. дело, 17—18. Имињата на овие четници се оместени и во календрот „Вардар" за 1906/1907 година, Београд 1905, 78

[30] Ангелко Алексиќ е Македонец по потекло, родум од Кичевско. Бил учесник во Илинденскотл востание и по неуспехот на истото се префрлил во Србија. Набргу под влијание на д-р Милорад Гоѓевац бил вовлечен во редовите на четничката орга низација. Во 1904 година ја повел првата чета за Македонија. Загинал во близина на селото Орашец—Кумановско. Според Станојевиќ С., нав. енциклопедија. . . . , 44.

[31] Васиљевић Х. Ј., цит. дело, 18; Трбић В., Мемоари. . . , 50.

[32] Пећанаи К., нав. дело, 9. Пеќанаи наведува дека овој судир се одржал на 9 м 1904 година. Трбић В., Мемоари. . , 50. спомнува ддка судирот настанал на 12 мај 1904 година. За овој судир и за уништувањето на српската чета известува и австрис киот конзул од Скопје Бохумил Пара во својата телеграма од 14 јуни 1904 година. За ова: Зографски ыанчо, Извештаи од 1903 —1094 година на австриските иретставниии во Македонија, Скопје 1955, 197—198. Док. бр. 16.

[33] Силянов Х., иит. дело, 290.

криена од страна на организационата чета на Арсо Локвички и во близина на селото Пуста Брезница — Скопско била разбиена[34].

Овие неуспешни обиди не ги поколебале раководните тела на српската четничка организација. Како што изнесува веќе спомнатиот Василие Трбиќ во почетокот на летните месеци во Белград, Главниот одбор започнал подготовки за формирање на 4 чети за Македонија[35]. Според планот на Главниот одбор првата од овие чети со која раководел Глигор Сокловиќ[36] требало да се пробие во Прилепскиот крај и таму да развие активност[37]. На чело на втората со чета стоел војводата Ристо Сушички. Оваа чета требало по навлегувањето во Македонија да си пробие пат до Поречието и таму да започне да дејствува[39]. Третата чета на чие чело стоел војводата Велко Мандарчев требало да дејствува во Скопско додека четвртата под војводство на Риста Цветковиќ добила задача да стигне во Дримколско и таму да развие активност[38].

Добро подготвени и снабдени со сите средства, во ноќта на 19 јули 1904 година овие чети ја поминале српско-турската граница и навлегле во Македонија[40]. Но, засега освеј четитите а Соколливќ и Цветковиќ, кои успеале да стигнат на определеното место, судбината на е танатите четите чети не ни е позната

Навлегувањето на четата на Глигор Соколвиќ во Македонија било тесно поврзано со предавството што го беше извршил Борис Сарафов. Богато награден[41], Сарафов им ги открил на органите на српската четничка организација каналите преку кои навлегала четата на Соколовиќ. Паралелно со четата на Глигор Соколовиќ во Македонија навлегла и четата на Риста Цветковиќ[32]. И оваа чета успеала да стигне на определеното место — Дримколско но, без разлика на тоа, таа не успеала да разиве активност бидејќи наскоро била откриена од една организациона чета и разбиена[43]. Паѓа в очи фактот дека овие чети не успеале да развијат никаква активност. Но и покрај сето тоа, нивниот пробив на теренот на Македонија претставувал успех за раководните

---

[34] Истото, 290.

[35] Трбић В., Мемоари..., 50.

[36] Глигор Соколовиќ е Маедонеи по потекло, родум од селотл Небрегово. Бил учесник во Илинденското востание. По неуспехот на истото заминал во Србија каде активно се вклучил во редовите на СЧО. Соколвиќ бил истакнат четнички војвода. Тој бил прв човек на СЧО ој со чета во летото на 1904 година навлегол во Македонија, стигнувајќи дури до Битолско. Убиен е во 1910 год.

[37] Трбић В., Меомари..., 50.

[38] Истото, 50.

[39] Истото, 50.

[40] Истото, 52.

[41] За услугите што им ги направил на раководните органи на СЦО, Сарафов бил добро награден. Од еден документ во суштина признаниuа — ВИДИ: АМ—С. МИД—КС.Ф. Политичко одделење (ПО), МФ 457,Ф. III-актот не е датиран и носи ознака „Р“. Од признаниuата се гледа дека Сарафов на 19 август 1904 година примил 20.000 илјади динари, а останатата сума од 20.000 ги примил на 23 август 1904 година.

[32] Аврамов Стефан, Революционѣрнитѣ болби въ Азот—Велешко и Поречието, София 1927, 76.

[43] Крстић Анђелко, Наша четничка акција у Дримколу. — „Јужни Преглед“ — Часопис за науку и књижевност посвечен 25 годишњици четничког рада у Старој Србији и Македонији, Г. V/6—7, јуни—јули, Скопје 1930, 286.

органи на српската четничка организација. Затоа тие почнале да обмислуваат околу подготвување на нови чети. Меѓутоа, од изворните документи со кои располагаме јасно се гледа дека до крајот на 1904 година, освен четата на Тренко Рујановиќ, која на 13 декември таа година била уфрлена во Македонија и стигнала до Велешко[44], но без да постигне некои резултати, други чети не биле испратени. Интересно е да се истакне дека во зимниот период српската пропаганда од овој вид не испраќала свои чети во Македонија.

Од дотука изнесените податоци паѓа в очи фактот дека српската вооруженч пропагнда појавила жива активност во текот на 1904 година. Имајќи ја предвид повеќегодишната активност на оваа организација на планот за изнаоѓање патишта за раширување на српското влијание во Македонија, сега со вооружени чети, пред раководните органи на оваа пропаганда биле исфрлени повеќе суштествени проблеми. Во низата такви посебно место зазема фактот дека српската четничка организација немала внатрешна сила на теренот врз која требало да се потпираат нејзините чети. Од друга страна мошне сериозна пречка била и таа што не била извршена распределба на должностите помеѓу раководните тела на овој механизам заради што често пати четите останувале ненавремено вооружени, снабдени со неопходните средства и како такви оневозможени подолго време да останат и да дејствуваат на теренот. Согледувајќи ги тие проблеми како и многу други од организациона природа, Главниот одбор на српската четничка организација пристапил кон подготовки за свикување на еден поширок состанок на кој требало да се надминат сите дотогашни тешкотии и да се изнајдат патишта, методи и средства за натамошна непречена активност на организацијата.

## Б) ФОРМИРАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ ДЕЈНОСТА НА РАКОВОДНИТЕ ОРГАНИ НА СРПСКАТА ЧЕТНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА — ГЛАВЕН, ПОСЛОВЕН И ИЗВРШЕН ОДБОР

Првите успешни продори што ги направила српската вооружена пропаганда во Македонија во текот на 1904 година, иако биле чекор напред во реализирањето на завојувачките планови на Кралството Србија спрема Македонија, тие ниту од далеку не ги задоволиле ненаситните кругови на великоспрската буржоазија која со сите свои сили ја помагала активноста на овој круг луѓе од својата средина кај кого се беше зародила идејата за создавање цврста четничка организација. Идејата да се изгради солиден четнички механизам кон крајот на 1904 и во почетокот на 1905 година била прифатена од скоро сите слоеви на тогашното српско општество.

По низа подготовки преземени од страна на постјните раководни тела и нивните помошни органи, на 21 јуни 1905 година[45], Врховниот

[44] АМ—С.МИД—КС.Ф.ПП—Одд.МФ. 746/241 — Извештај на српскиот учител од Башино Село за доаѓањето на Наце Јанковиќ во Башино Село со четата на Тренко Рујановиќ. Извештајот е потпишан со шифра.

како што уште го нарекувале Главниот одбор на четничката организација, одржал состанок на кој согласно одлуките што биле донесени може да се констатира дека српската четничка организација го добила својот организационен изглед. Тоа го потврдува и фактот дека на тој состанок била донесена и утврдена програмата за натамошната работа на сите органи што дотогаш во сочинувале нејзниот механизам. Во оваа смисла прв на дневен ред бил Главниот одбор. Имајќи предвид дека првоформираниот Главен одбор во изминатиот период дејствувал под различни имиња, префрлајќи при тоа врз себе повеќе должности отколку што можел да врш ', на овој состанок била донесена одлука за формирање на постојанен Главен одбор со определен делокруг на задолженија. Меѓутоа, конституирањето на овој одбор чие седиште било во Белград, било извршено како што се гледа на 24 септември 1905 година. Во составот на овој одбор влегувале сега 5 мина членови, а согласно одлуките на состанокот овој одбор во иднина требало да ги има овие задолженија.

Најпрвин овој одбор требало да се грижи и да раководи со целокупната работа околу прибирањето, подготвувањето, вооружувањето и испраќањето на српските чети во Стара Србија и Македонија. Од друга страна, овој одбор бил единствено задолжен по строго дискретни канали да контактира со најодговорните државно-политички кругови — органи во Кралството Србија кои систематски ја следеле и помагале целокупната активност на оваа своја тајна организација. Покрај ова, овој одбор добил задолженија да раководи со работата на веќе уфрлените на терен чети односно, секогаш и навреме да го снабдува Извршниот одбор во Врање со пари, оружје, муниција, облека и сè она што требало за четите. Освен ова Главниот одбор требало да се грижи и за изнаоѓање работни места за оние четниц' кои од разни причини не биле веќе способни за четничка работа. Во делокругот на задолженијата на овој одбор спаѓала и неговата грижа најстрого да ја контролира работата на пододборите кои, сега, требало да прекратат со самоиницијати:вно испраќање на чети, а согласно донесените одлуки, активно да се занимаваат само со прибирање на прилози. Покрај дотука изнесеното Главниот одбор добил задача сите паричини средства добиени од пододборите грижливо да ги чува, за што бил задолжен да води прегледна документација, и од истите да испраќа на Извршниот, секогаш и на време. Интересно е да се истакне дека и покрај тоа што бил задолжен да ги прибира овие средства и да ги испраќа на определени места, Главниот одбор никогаш не ги добивал истите на своја адреса. Тие секогаш биле испраќани на име на друштвото „Српски браќа"[46]. Оваа дискретност била разбирлива бидејќи постоела опасност да се демаскираат раководните органи на оваа организација кои не биле никој други туку

---

[45] ДА—СИП — Београд. Архивски фонд на Српската организација, стр. пов. 1904—1906 ф. I. Архивската единица е без број. Цитирано и кај Глигор Тодоровски, Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија, ГИНИ, Г XII/1, Скопје 1968, 182.

[46] Истото.

највисоките државно-политички личности на Кралството Србија од тоа време. Овој пример само уште еднаш потврдува дека српската вооружена пропаганда во Македонија не била плод на „неколкумина загреани српски националисти“ туку политика на господаречкиот слој кој, заслепен од своите тесно-класни интереси, не бирал средства да ги задоволи, водејќи притоа сметка да ги прикаже овие акции на Кра.ството Србија како долг спрема своите „браќа на југ“ односно, желба да се „помогне ослбодувањето“ на македонскиот народ што не одговарало на историската вистина и реалност.

Покрај формирањето на Главниот одбор, на овој состанок била донесена одлука за формирање на уште едно тело кое требало да биде посредник помеѓу Главниот, Извршниот одбор и пододборите. Со таа цел на овој состанок било решено да се формира така наречен Пословен одбор[47]. Седиштето на овој одбор било сместено во Врање бидејќо задачите што тој ги имал, наложувале тој да биде во непосредна близина на оние места од каде најчесто се уфрлале или прифаќале четите. Според одлуките на состанокот овој одбор требало сите средства што ќе ги добие од Главниот одбор од Белград правилно да ги распореди и со нив да врши набавка на материјали за четите. Сите набавени резервод одружје, муниција, облека, санитетски материјал и слично овој одбор требало да ги складира во добро обезбедени магацини што секогаш биле лоцирани во непосредна близина на српско-стурската граница и од истите да се издава само во случај кога ќе побара Извршниот одбор. Овде треба да се истакне дека целото оружје, муницијата, облеката и слично, оваа организација ги добивала од државните воени складови на Кралството Србија. Освен ова, ако се има предвид дека во составот на четите на оваа организација секогаш имало активни воени личности или како обични четници или како инструктори, тогаш јасно се гледа дека оваа организација имала типичен полувоен карактер.

Освен горните задолженија, Пословниот одбор имал задача да ги снабдува со пари војводите што стоеле на чело на четите пред четата да биде испратена на терен. Покрај ова, Пословниот одбор требало да се грижи и за сите резервни сили кои, најчесто престојувале во Врање и за истите да обезбеди стан и храна. Во оваа смисла интересно е да се истакне дека сите резервни сили со кои располагала оваа организација,т а најчесто чувани во близина на српско-турската граница, строго дискрено на стан и храна биле распоредувани кај одделни угостители од Врање на кои, секогаш и навреме, органите на владата на Кралството Србија им плаќале надомест.

Во делокругот на задачите на Пословниот одбор влегувала и неговата грижа за издавање парична помош на семејствата на загинатите четници како и на оние што не биле веќе способни да го продолжат овој занает. Ова било мошне карактеристично. Имено, со давањето ваква помош, српската четничка организација создала терен за регрутирање во своите редови луѓе од најнискиот општествен слој кој, во потрага за

[47] Истото,

егзистенција, свесно или не стапувал во редовите на овој механизам, прераснувајќи со текот на времето во слепо орудие на господаречниот слој.

Освен дотука изнесеното, Пословниот одбор имал задача да се грижи и за сите ранети или разболени четници и истите во договор со Главниот одбор да ги сипраќа на лекување во болници или во други здравствени установи и центри. Во оваа смисла карактеристично е тоа што еден од најпознатите здравствени пунктови на оваа организација била Врањска Бања, а такви прифатилишта имало и на море.

Одлуката на состанокот на Врховниот одбор да се формира Пословен, била спроведена во дело релативно брзо. Имено на 30, јуни 1905 година под раководство на окружниот началник на Врање, Драгиќ Павловиќ, бил одржан состанок[48]. На овој во суштина конститутивен состанок присуствувале: Велимир Кариќ—апотекар од Врање, Сима Златичанин, Душан Туфегџиќ, Пера Кушаковиќ и Тома Ѓурѓевиќ[49], За претседател на овој одбор бил избран Драгиќ Павловиќ а за благајник Сима Златичанин професор во српската гимназија во Врање[50].

Иако биле формирани овие раководни тела, нивните членови билсвесни дека, а тоа го налагал обемот и карактерот на работите, е неопеходно да се формира уште едно тело кое, најнепосредно и строго дискретно требало да се грижи околу префрлањето на четите преку граница или нивно прифаќање, што не било така лесна работа. Имајќи го предвид ова, на спомнатиот состанок Врховниот одбор донел одлука да се оормира нов Извршен одбор[51] кој требало сега постојано да дејствува, а не како поранешниот кој пројавувал повремена активност. И на овој одбор седиштето било во градот Врање. Како останатите органи, така и овој одбор добил низа задолженија. Од многубројните такви овој одбор требало сега од сите испратени од Пословниот одбор луѓе, инаку примени во организацијата, да формира резервни одделенија способни во секој момент да се уфрлат на теренот на Македонија и ја пополнат десеткуваната чета. Освен ова, Извршниот одбор бил задолжен строго да ја контролира бројноста на резервните делови, муниција, облека и слично што ги набавувал Пословниот односно, во случај на осиuување на бројот на горните требало преку Послвниот да ги побара од Главниот одбор од Белград. За разлика од другите одбори, Извршниот ја играл и улогата на така наречен слекетивен орган. Имено, овој одбор требало да дава миселење за секое лице дали тоа е способно или не за работа од ваква природа. Во колку некое лице било означено како неприфатливо за што овој одбор требало веднаш да сигнализира, истото не можело повеќе да биде член на организацијата. Колку голема грижа се водела за зачување на оранизацијата од непожелни елементи, сведочи обемната документација на овој одбор кој за секој член водел прегледни статис-

[48] Истото.

[49] ДА—СИП—Београд. Фонд: Извршни Одбор, Ф. 8 Архивската единица е без број.

[50] Истото.

[51] Исто како под белешката 45.

тички податоци, бележејќи меѓу другото дали тој е способен за работа, колку години служба има, како ги извршува задачите, дали има некои особени белези, кон што е склон и слично.

Со формирањето на раководните и помошните тела и со извршувањето распределба на нивните задолженија, српската четничка организација била веќе организационо поставена на теренот на Кралството Србија. Тоа било главен предуслов за започнување пожива активност на српската вооружена пропаганда во Македонија.

## В) ИСПРАЌАЊЕ НА ВООРУЖЕНИ ЧЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 1905 ГОДИНА

Во текот на засилените подготовки за формирање нови раководни тела или нивно реорганизирање како и утврдување на нивните задолженија, се одвивале и активностите околу испраќањето вооружени чети во Македонија. Имено, охрабрени од релативно малите успеси постигнати во текот на 1904 година, постојните раководни органи на српската четничка организација и во текот на 1905 година развиле широка активност околу прибирањето. вооружувањето и испраќањето на свои чети на теренот на Македонија. За една ваква необично активна дејност, постоеле веќе сите услови. Во таа смисла силно влијание одиграл фактот дека процесот на консолидирање на српската четничка организација како суштински спроводник на великосрпската политика во Македонија, навлегол во завршна фаза. Наоѓајќи се во последна фаза на свое оргаизационо изградување и обезбедувајќи се со сите неопходни средства за борба против „бугаризмот", под кој превез се одвиваше целокупната дејност на овој вид српска пропаганда во Македонија, српската четничка организација започнала жива активност. Во таа смисла иницијативата ја дало Министерството за надворешни работи на Кралството Србија. Имено, уште во почетокот на месец јануари 1905 година, Министерството за надворешни работи на Кралството Србија каде што по сè изгледа било и седиштето на Врховниот одбор на организацијата, се обратило со писмо до Извршниот одбор од Врање во кое ги изнесло своите наредби што овој одбор преку четите требало да ги спроведе во дело[52]. Соопштувајќи му на Извршниот што сè треба да преземе, во своето писмо Министерството категорично ја определило насоката на дејствување на четите со овие зборови: „. . . Четите да дејствуваат така за да се создаде расцеп меѓу македонските револуционери и Македонците, во што поголем број да се одделат од Бугарите. Идејата на сепаратизмот меѓу Македонците да се засили, а исто така да се подготват што повеќе чети и испратат во Стара Србија и Македонија за да ги бранат Србите од туѓи напади. . ."[53].

---

[52] ДА—СИП—Београд. Ф. Централни Одбор Српске организације за 1905 годину. Писмото носи датум 2.I 1905 година со забелешка „Под хитно".

[53] Истото.

Во духот на овие инструкции, Извршниот одбор започнал со работа. Така веќе во првите денови на месец јануари 1905 година, Извршниот одбор го известил Министерството дека се вршат подготовки за уфрлување на една чета во Македонија[54]. Откако била подготвена, во ноќта помеѓу 12 и 13 јануари 1905 година српската пропагандна чета под команда на војводата Драгиша Ковачевиќ ја поминала границата и навлегла во Македонија[55]. Меѓутоа, како што се гледа од изворните документи, оваа чета останала кратко време на теренот[56]. Оваа чета била прва што во 1905 година навлегла во Македонија. Нејзиниот краткотраен престој на теренот бил разбирлив бидејќи тоа бил зимен период кога условите за уфрлување на чети, нивното движење и престој биле сведени на минимум. По уфрлувањето на оваа чета, настанало извесно затишје на овој план.

Како што се гледа од архивските материјали, со испраќање на вооружени српски чети во Македонија се продолжило во пролетните месеци на 1905 година. Имено во почетокот на месец март 1905 година, Извршниот Одбор во Врање имал подготвено веќе три чети[57]. Добро подготвена, вечерта на 4 март 1905 година, првата од овие три чети ја поминала српско-турската граница во близина на селото Буштрање и навлегла во Македонија[38]. Според планот на Извршниот одбор, оваа чета требало да дејствува и да го одржува духот на „српството" во атарот на селата околу Ѓерман и Козјак планина — Кривопаланечко. Набргу по уфрлувањето на оваа чета, била уфрлена и втората. Таа имала задача да дејствува во реонот на Горна Пчиња односно да го обезбедува каналот на просторот меѓу Бујановац и Табановци и на тој начин да подготви терен за третата чета која наскоро требало да биде уфрлена. Меѓутоа, по извесно време од поминувањето на границата, втората чета била откриена од една турска потера и по кратка престрелка со незнатни загуби, била принудена да се врати назад[59]. По кусо време од поминувањето на втората чета преку границиа била испратена и третата чета. Таа ја поминала границата на 8 март 1905 година[60]. Во составот на оваа чета која броела осуммина четници (5 средношколци и

---

[54] Истото. Министерството било известено од окружниот начелник Драгиќ Гавловиќ со писмо од 4.I 1905 година.

[55] АМ—Скопје. Цит. фонд како под белешката 41. Види телеграма од 13.I 1905 со која Драгиќ го известил МИД дека четата ја поминала границата.

[56] Четата на Драгиша Ковачевиќ престојувала а теренот 7 дена и вечерѕа на 20.I 1905 година без загуби се вратила во Врање. За ова види: ДА—СИП—Београд, Ф Извршни Одбор 1904—1906, Ф. IV, Док. бр. нечиток од 21.I 1905 година.

[57] Истото. Овие чети биле подготвувани под надзор на Нишкиот четнички ододбор. За ова види Записник од состанокот на Нишкиот четнички пододбор од 2.III 1905 година.

[58] Истот. Оваа чета била одредена да де ствува во Кривопаланечко. Види телеграма од 5.III 1905 година со ко а Извршниот го известил Главниот одбор дека првата чета е уфрлена преку граница.

[59] Истото. На чело на оваа чета стоел војводата Анѓелко Четирски родум од селото Четирци — Кумановско. По судирот со турските потери, вечерта меѓу 7 и 8. III 1905 година оваа чета се вратила назад во Врање. Види телеграма од 8.III 1905 година.

[60] Истото.

3 активни подофицери) било планирано да влезат и луѓе од Кумановско, најверојатно заради тоа што оваа чета требало да развие активност во овој крај. На чело на оваа чета стоел војводата Ѓорѓе Ристиќ—Скопјанче[61]. Но и оваа чета ја доживеала судбината на втората, бидејќи и таа била откриена и принудена да се врати назад преку граница.

Во текот на месец март 1905 година, уште една српска чета со јачина од 17 четници била уфрлена во Македонија. Оваа чета која ја поминала границата ноќта на 11 март 1905 година[62] била упатена како засилување на четата на Коста Пеќанац[63] кој со група од неколку четници уште во крајот на 1904 година бил уфрлен во Скопско. Но како и претходните и оваа чета не стигнала до определеното место. Во близина на селото Табановци — Кумановско оваа чета била откриена од турските потери и во судирот во истите на 14 март 1905 година била разбиена оставајќи на местото на судирот 11 мртви[64]. Останатите петмина четници од оваа чета биле фатени и одведени во Куманово каде биле обесени, а војводата Драгиша Ковачевиќ, иако ранет, успеал да се врати назад преку граница.

Кон крајот на месец март 1905 година, Извршниот одбор во Врање имал подготвено уште 4 чети. Првата од овие чети под контманда на војводата Јован Бабунски[65], вечерта на 27 март односната година ја поминала границата и навлегла во Македонија[66]. Оваа чета требало да дејствува во Велешко. Заедно со Бабунски, оваа чета која броела 26 четници ја воделе и Сретен Рајковиќ[67] како и некој си поручник Сав-

---

[61] Истото.

[62] Истото. Види телеграма од 12.III 190 година со која се соопштува на Мнистерството за надворешни работи на Кралството Срби а дека четите се испратени.

[63] Коста Пеќанац е познат четнички во вода. Роден е 1871 година во село Ќураковац—Косово. Имал завршено подофицерска школа, а на 33-годишна возраст влегол во редовите на српската четничка организаци а. Четувал претежно во Скопскиот крај. Учествувал во Балканските војни, но позабележителна улога одиграл во Првата светска во кога зел активно учество во Топличкото востание од 1917 година. Во 1921 година бил унапреден во чин резервен капетан. Учествувал и во Зората светска војна од страна на фашистичкиот окупатор.

[64] Пеќанац К., цит. дело, 20.

[65] Јован Стојковиќ-Бабунски е Македонец по потекло. Роден е во Селото Мартолци-Велешко. Бил воспитаник на друштвото „Свети Сава". Се школувал вл Белград каде завршил учителска школа. Во редовите на српската петничка организаци а се вклучил во 1904 година, а веќе во 1905 година навлегол во чета во Македонија. Четувал најчесто во Велешко, Прилепско и Кичевско. Учествувал во Балканските и Првата светска во на. Умрел во Велес на 17.II 1920 година. За него поопширно види: С оменица Јована С. Бабунског-војводе Велешког, Нов Сад с.а.

[66] ДА—СИП — Београд. Фонд на Извршни Одбор 1904—1096, Ф. IV. Види. телеграма од 28.III 1905 година.

[67] Сретен Рајковиќ е еден од активните учесници во работата на СЧО. Бил активно воено лице. Уште во 1904 година заминал во Македонија како советник-инструктор во четата на Глигор Соколвиќ. Во исто својство бил и во четата на Бабунски. Бил прв шеф на Горскиот штаб од десната страна на реката Вардар. Кон крајот на 1905 година станал секретар на Централниот одбор кој уште се нарекувал и Главен или Врховен одбор на СЦО. На ова место останал сѐ до 1911 година. Учествувал во Балканските и Првата светска војна од каде излегол во чин полковник. По пензионирањето се населил во Скопје каде живеел подолго време. За него поопсто но види: Енциклопеди а од Станое Станоевић..., 659; Пеќанац К., цит. дело, 50.

ковиќ. Втората пак чета, под команда на војводата Доксим Михајловиќ[67a] требало да биде уфрлена еден ден по четата на Бабунски. Меѓутоа. една непредвидена посета на рускиот конзул од Ниш на Врање, го спречила уфрлањето на оваа чета. Но тоа било краткотрајно. Зо ноќта помеѓу 29 и 30 март 1905 година и оваа чета ја поминала границта и на влегла во Македонија[68]. Останатите две чети од вкупно четири колку што требало да бидат уфрлени, биле задржани за извесно време бидејќу постоела опасност во овој број да бидат откриени. Но и тие две чети ноќта помеѓу 3 и 4 април 1905 година биле уфрлени во Македонија[69]. Како што се гледа од еден документ[70] на Извршниот одбор во почетокот на месец април 1905 година, српската четничка организаиија имала на теренот околу 100 четници меѓу кои поголем број активни воени лица испратени во прв ред како инструктори[70]. Овој број четници распореден во неколку чети, биле командувани од Јован Бабунски, Доксим Михај ловиќ, Аксентие Рујанац—Бацета[71], Ѓорѓе Ристиќ—Скопјанче кој по првиот неуспешен обид сега повторно бил испратен на терен како и Борко Паштровиќ кој во првите денови на месец април со 36 четници бил уфрлен во Македонија[72].

Од дотука изнесените податоци се гледа дека српската вооружена пропаганда во првата половина на 1905 година била необично силна. Тоа неводемислено го потврдува како бројот на уфрлените чети така и бројноста на целата оперативна сила н оваа организаиија што дејствувала тогаш на теренот на Македонија. Активноста на овие српски чети во дадениот период се сведувала во преведувањето на селата под

[67a]. Доксим Михајловиќ е Македонеи. Роден е во село Галичник Како воспитаник на друштвото „Свети Сава" завршил Призренска богословија во 1901 година- Од 1901 до 1904 година бил учител во родното село. Во 1904 година се вклучил во редовите на српската четничка организаиија. Четувал сè до 1907 година кога бил поставен за управител на српските основни училишта во Гевгелиско. Во 1908 година дал оставка на таа должност и започнал да се занимава со трговија. Активно учествувал во Првата светска војна, во која заедно со Воин Вук Поповиќ формирале чети и се ставиле на страна на српската војска. Загинал во Кумановската битка и бил погребан во село Младо Нагоричани. Според Станојевић Станоје, Енциклопедија..., 846.

[68] ДА—СИП—Београд. Цит. фонд како под белешката 66. Оваа чета била одредена да дејствува во Горна и Долна Река — Поречие. За тоа види телеграма од 30.III 1905 година.

[69] Истото. Види телеграма од 4.IV 1905 година.

[70] Истото.

[71] Аксентие Рујанац—Бацета е Србин по потекло. Роден е во село Крива Река — Ужички округ околу 1860 година. Се школувал во Ужице, а потоа во Одеса—Русија каде посетувал јункерско училиште. По завршување на истото се вратил во Србија, но бидејќи останал без служба, заминувал за Бугарија од каде повторно се вратил во Србија 1887 година. Во 1905 година се вклучил во редовите на четничката организација. Едно време бил и шеф на Горскиот штаб од левата страна на реката Вардар. Загинал во 1905 година во близина на манастирот Бељаковци кај истоименото село — Кумановско. Според Станојевић С., Енциклопедија..., 818.

[72] Борко Паштровиќ е роден во Крагуевац 1875 година. Бил војничкк образован човек. Во редовите на СЧО се вклучил во 1904 година во чин поднаредник. Учествувал во битката на Челопек во април 1905 година. Учествувал и во Балканските војни. Загинал во борбите за Скадар кој бил бранет од Есад Паша. Според Станојевић С., Енциклопедија..., 313.

ведомство на Патријаршијата наспроти дејноста на бугарските врховистички чети кои покрај теророт на кој не биле имуни и српските, ги преведувале селата на страна на Егзархијата. Колку српската вооружена пропаганда била активна во првата половина на теренот на Македонија, сведочи и извештајот на австриските конзул од Скопје Бохумил Пара од 13 мај 1905 година кој, пишувајќи му на Министерот за надворешни работи Голуховски истакнал дека „српската пропаганда само во текот на последните три месеци (март, април и мај — Д. В.) превела на своја страна 27 села“[73].

На овој план необично жива активност српската вооружена пропаганда развила и во втората половина на 1905 година. За тоа постоеле сите услови. Организацијата била веќе изградена и солидно пдготвена за работа од ваква природа. Интересно е да се истакне дека своите вооружени акции во почетокот на втората половина на 1905 година, српската вооружена пропаганда ги отпочнала во правец на потполно загосподарување во Кривопаланечкиот крај, а со цел да создаде слободна територија на „српството“ и истата да ја претвори во тврдина за одбрана на „српското население од нападите на бугаризмот“. За таа цел уште во почетокот на месец јуни 1905 година Главниот одбор се зафатил со организирање на една чета. Оваа чета броела 17 четници, а требало да се испрати како дополнение на четата на Ѓорѓи Ристиќ—Скопјанче која во судирот со турски одред војска на 31 мај 1905 година во близина на селото Петралица била разбиена[74]. По извршените подготовки оваа чета на 10 јуни односната година во специјално затворен вагон, била испратена од Белград за Врање, но како што се гледа од еден документ, не била уфрлена во Македонија[75].

Првите српски чети, кои во текот на месец јули 1905 година навлегле во Македонија, биле четите на Јован Пешиќ активен поднаредник од единаесеттиот коњички полк на Моравската дивизиска облст и Драгиша Ковачевиќ. Овие чети ја поминале границата во ноќта меѓу 29 и

[83] Зографски Данчо, Австриски документи за истријата на македонскиот народ 1905—1906 година (редакција, превод и коментар). Том I, Скопје 1977, 58. Док. бр. 36

[74] Во овој судир изгинале сите српски четници на чело со војводата Брана Јовиќ-Беранац и инструкторот на четата Богдан Хцјнц. Загинатите биле погребани во атарот на селскчта црква „Свети Ѓорѓи“ во село Петралица. За овој судир авторот на овој прилог на 23 август 1979 година водел разговор со Јордан Михајлов (Денес живее во село Петралица на 109-годишна возраст), кој еве што изјавил: „. . . Четата беше поделена и сместена во две куќи. Куќите беа сопственост на браќата Јаким Јакимовски познат под прекарот Ѓаков и Стојко Јаќимовски наречен Шељавски. Од страна на Србите во судирот се бореше и Ѓуро Младеновски од село Баратлија. Битката траеше скоро до вечерта. Србите даваа силен отпор, но Турците ги запалија куќите. Сите изгинаа од српската чета. Ги закопавме во дворот на црвката „Свети Ѓорѓи“. По смртта, Крал Петар I на овие четници и подигна и споменик...“ (изјавата е земена на 23.VIII 1979 година.

[75] АМ—С.Ф.МИД—КС—Политичко Одделење. МФ.457,Ф.III. Архивската единица нема број.

30 јули 1905 година[76]. Кон средината на месеи август 1905 година, уште една чета била подготвена за преку граница. Тоа било четата на Скопјанче кој по судирот кај Петралица се вратил назад. Вечерта меѓу 22 и 23 август 1905 оваа чета ја поминала границата[77]. Движејќи се по Буштранскиот канал, оваа чета стигнала во Кумановско. Во близина на тромеѓето меѓу селата Отошница, Радибуш и Станча оваа чета била откриена од турска потера и во близина на месноста „Гуглин" дошло до крвав судир. Во овој судир оваа српска чета била делумно разбиена, оставајќи на местото на судирот десетмина мртви[78]. Овие повремени судрувања и губењето во нив на дел од живата сила, не ги обесхрабрувало раководните тела на оваа полувоена организација. Тие постојано работеле на тоа да испратат што е можно повеќе чети на теренот на Македонија. Иницијатива за зголемување бројот на четите на теренот на Македонија, ја дал скопскиот Главен одбор. Тој со една телеграма се обратил до Извршниот[79] барајќи од него да подготви и испрати четири чети различни по својата јачина. Според планот на Скопскиот одбор, најсилна требало да биде така наречената Малешевска чета. Таа требало да брои 15 четници. Друга чета во јачина од 10 четници требало да развие активност во Кратовско—Злетовскиот крај, а останатите две чети требало да се префрлат преку реката Вардар и да дејствуваат во Кичевско и Поречието. Покрај овие чети, Скопскиот одбор побарал Извршниот да испрати и две одделенија во јачината од 5 до 6 четници. Едно од овие одделенија требало да ги обезбедува патиштата што воделе кон Скопска Црна Гора и Поречието, а другото да дејствува во ренот меѓу Скопје и Велес и да ги обезбедува премините преку реката Вардар. Меѓутоа засега е тешко да се потврди дали овие чети биле испратени бидејќи не наидовме на документ кој би го потврдил тоа. Како и да е до крајот на 1905 година на теренот на Македонија биле уфрлени уште две српски чети. Иницијатор за тоа бил Извршниот одбор во Врање кој се обратил до Министерството за надворешни работи[80] барајќи да испрати 3 чети. Со ова барање на Извршниот одбор бил запознаен Љубомир Давидовиќ[81]

---

[76] Истото. Овие чети ја поминале границата во ноќта помеѓу 29 и 30 јули 1905 година, а за што уште на 29 односниот месец бил известен скопскиот Главен Одбор. Втората чета покрај војводата Ковачевиќ ја водел и инструкторот Стеван Поповиќ, а таа требало да дејствува во атарот на село Шталковица, денес Пробиштипско. За овие чети Извршниот одбор го известил Главниот уште на 29.VI 1905 година. Види: ДА—СИП—Београд, цит. фонд како под белешка 66.

[77] АМ—Скопје, Ф.МИД—КС,ПО.МФ.470. Фасциклата е без број.

[78] Истото. Во овој судир од страна на српската чета загинале: Стојан Крстиќ од Призрен, Михајло Ивановиќ од село Деспотовац — Србија, Петар Мариќиќ-Момчиловиќ од Кореница — Лика, Станиша Станковиќ од Брезниuа — Србија, Крста Анѓелиќ од Неготин, Томислав Ѓирѓевиќ Живота Милошевиќ од Милошевии — Србија, Милутин Стојновиќ поднаредник од Смедерево и Тодор Стојќовиќ-Сиринче од Врање.

[79] ДА—СИП—Београ. Цит. фонд како под белешката 66.

[80] Истото. Види шифрирана телеграма од 14.XI 1905 година.

[81] Љуба Давидовиќ бил истакнат српски полктичар. Бил фикултетски образозован. Во 1902 година заедно со Љуба Живковиќ, Љуба Стојановиќ и Јаша Продановиќ ја основал Самосталната Радикална Странка. Во 1904 година бил избран за Министер на просветата во Кралството Србија, а во 1905 година за претседател на Народната

тогаш претседател на Скупштината на Кралството Србија, а по сè изгледа и претседате на Главниот одбор. Овој со писмо од 25.XI 1905 година го запознал Јоца Јовановиќ — Пижон[82] тогаш шеф на конзуларното одделение при Министерството изнесувајќи му дека биле побарани 50 четници за Македонија, кои требало да бидат распоредени во три чети. Откако добил одговор, Извршниот одбор започнал подготовки. Наскоро била подготвена првата чета која броела 21 четник и со која командувал војводата Василие Трбиќ[83]. Втората чета исто така броела 21 четник а со неа раководел војводата Јован Бабунски. Третата чета, составена од само 8 четници требало под команда на војводата Јован Станојковиќ—Довезенски да си пробие пат до Кумановско и таму да започне активност[84]. Вака подготвени овие чети чекале момент да бидат уфрлени. Меѓутоа, како што се гледа од изворните документи само две од овие чети ја поминале границата. Во ноќта помеѓу 7 и 8 декемзри 1905 година четите на Довезенски и Трбиќ навлегле во Македонија[85]. Бидејќи биле уфрлени само две чети, планот на нивното дејствување бил изменет. Сега четата на Василие Трбиќ добила задача да дејствува во реонот на Велешко, а четата на Јован Довезенски, која ја презел четата на Јован Бабунски, требало да дејствува на просторот меѓу Кумановско и Овчеполско. Паѓа в очи фактот дека овие чети биле уфрлени в зима. Токму заради тоа тие на теренот останале кусо време. Така, на пример, четата на Довезенски се вратила во Врање на 20 декември додека по три дена, на 23 декември 1905 година и Бабунски се префрлил преку граница, сместувајќи се во околината на Врање[86].

Од дотука изнесените податоци може да се констатира дека српската четничка организација во текот на 1905 година постигнала извесни успеси. Релативно големиот број чети што во текот на таа година биле уфрлени во Македонија, создале терен за уште пожива активност на овој вид српска пропаганда која, ќе стане евидентна појава во годи-

---

Скупштина. Во 1909 година бил претседател на Белградската општина. Подоцна во периодот меѓу 1917—18 година повторно бил избран за Министер на просветата во коалиционата влада на Никола Пашиќ, а од септември 1919 до февруари 1920 и претседател на владата. Според Станојевић С., Енциклопедија „Љ“, . . . 540—541.

[82] Јоца Јовановиќ—Пижон е роден во Белград. Тој е познат политичар и историчар. Имал завршено Правен факултет. Во политичкиот живот на Кралството Србија се вклучил во 1892 година. Од 1903 до 1911 бил српски дипломатски претставик во Софија. Од 1911 до 1912 бил и Министер за надворешни работи на Кралството Србија, а од 1912 до 1920 дипломатски претставник во Беч, Лондон, Вашингтон и сл. Бил еден од најголемите познавачи на македонското прашање. За него види: Станојевић С., цит. енциклопедија „Ј“. . ., 538.

[83] АМ—Скопје.Цит. фонд како под белешката 77. Во составот на четата на Трбиќ влегувале овие четници: Ѓорѓе Михајловиќ, Танасие Стефановиќ, Алимпие Вуловиќ-Андра Миловановиќ, — Николиќ, Славчо Стојковиќ, Риста Поповиќ, Стојан Николиќ, Михајло Мициќ, Аќим Арсиќ, Темелко Арсиќ, Вучко Оташевиќ, Симо Стојиќ Љубомир Атанцковиќ, Риста Цветковиќ, Јордан Димиќ, Ѓорѓе Цветковиќ, Јаков Николиќ, Михајло Дунда. Според Трбиќ В., Мемоари. . ., 124.

[84] Истото. Четата на Јован Стојковиќ-Довезенски ја сочинувале овие четници: Милан Тасиќ, Станко Кузмановиќ, Драгутин Петровиќ, Цветко Мициќ, Стојко Стојановиќ, Имињата на останатите четници не се поместени во документот.

[85] ДА—СИП—Белград, Цит. Фонд како под белешката 66. Ф. IV.

[86] Трбић В., Мемоари. . ., 124—125.

ните што следуваат. Меѓутоа и покрај релативно големиот успех што бил постигнат на планот на продирањето со свои чети во Македонија, постојните раководни органи на српската четничка организација сè уште не биле задоволни. Имено и покрај постојаното присуство на оперативните сили на теренот, не можело да се постигне потребната ефикасност во извршувањето на поставените задачи. Причината за тоа била непостоењето на четнички раководни тела на теренот на Македонија каде првенствено дејствувале српските вооружени чети. Имајќи го предвид тој факт, раководните органи на оваа организацја енергично се зафатиле со формирање на такви, определувајќи го при тоа и делокругот на нивните задолженија со основна цел, да ја координираат најнепосредно дејоста на четите во оваа се уште турска провинција.

## Г) ОРГАНИЗАЦИОНАТА СТРУКТУРА НА СРПСКАТА ЧЕТНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Многубројните и во прв ред организациони проблеми со кои српската четничка организација се судрила во текот на својата неколкугодишна работа во Македонија, биле една од основните причини што оваа организација како истурен одред на српската буржоазија не забележала такви резултати какви што постигнале бугарската и грчката. Соочени со овој факт, главните органи на овој механизам презеле мерки за организационо изградување на организацијата особено во Македонија зашто на овој терен се ододвивала нивната активнос. Ова организационо изградување на организацијата на теренот на Македонија, било плод и на сознанието на основополжниците на овој вид пропаганда дека, без поддршка и цврста организациона поставеност на самиот терен, илузорно е да се очекуваат некакви резултати. Затоа тие пристапиле кон формирање на такви тела и на теренот на Македонија.

За разлика од Кралството Србија, српската четничка организација во Македонија имала поинаква организациона структура. Во Македонија оваа организација имала формирано два главни одбора[87]. Седиштето на едниот одбор било сместено во Скопје, а на другиот во Битола[89]. Овие одбори биле нарекувани уште и вилаетски одбори најверојатно заради тоа што и Скопје и Битола биле седишта на вилаети. Засега и покрај прегледно консултираната архивска документација на оваа организација, што се чува во Дипломатскиот архив при Министерството за надворешни работи на Југославија во Белград, не успеавме да утврдиме кога точно овие обори биле формирани. Меѓутоа, но сè изгледа дека тие биле формирани во првата половина на 1905 година. Во прилог на ваквата косстатација говори и едно недовршено писмо од 30 март 1905 година[89] што српскиот конзул од Битола, тогаш Света Станоевиќ

[87] Тодоровски Г., цит. прилог. 186.

[88] Истото, 182.

[89] АМ—Скопје. МИД—КС, Политичко—Просветно Оддлење. МФ 728. Фасциклата не е одредена, актот е без број и датум.

го испратил до министерот за ндворешни работи Никола Пашиќ во кое го известил дека во Билоа пристигнал некој си Трифунац професор „за кого зборуваат дека е мајор и дека дошол да организира српски..“ (можеби четничкк одбор — Д. В.)[90].

Иако од ова кратко и недовршено писмо не може да се види со каква цел дошол спомнатиот Трифунац, сепак, може да се претпостави дека неговата задача била да се запознаат поистакнатите приврзаници на српската пропаганда во овој вилает. со сите планови што ги преземале раководните органи со цел да ја заживеат својата активносt во Македонија. Како и да е овие одбори во текот на 1905 година веќе постоеле. Меѓутоа, што се однесува до местата каде биле седиштата на овие одбори, изборот не бил случаен. Ова дотолку повеќе што и во Битола и во Скопје Кралството Србија имало свои конзуларни претставништа кои, особено по востанието, станале координатори на целокупната пропаганда (црковно-училишна и вооружена) што ја спрвведувала Србија во овие краишта на Македонија. Од друга страна, изборот на Скопје и Битола како места каде биле седиштата на овие одбори можеби бил условен од тоа што во овие градови биле сконцентрирани дипломатските пратставништва на повеќе земји од Европа чии интереси за настаните во Македонија и планови за определување на нејзиниот статус, биле важни за српската дипоматија во одредувањето на насоките и интензитетот на својата политика спрема Македонија.

Освен главните одбори, српската четничка организација во Македонија формирала голем број пододбори. Такви пододбори оваа организација имала формирано во Куманово, Велес, Тетово, Кичево, Крушево, Дебар, Охрид и Порече односно, во оние места каде што српската пропаганда имала фатено извесни позиции[92]. Покрај пододборите, оваа организација на теренот на Макеоонија имала формирано и така наречени селски пододбори кои како помошни тела на пододборите, постоеле во скоро сите села што влегувале во атарот на местата каде постоеле пододбори.

За разлика од Кралството Србија, раководните органи на оваа организација ја поделиле територијата на два дела. Еден дел од територијата што ги опфаќал подрачијата од левата страна на реката Вардар била наречена Источно Повардарие, а целокупната територија од запад на реката Вардар-Западно Повардарие. Со секоја од овие територи управувал така наречен Горски штаб и во зависност од тоа на која страна од реката Вардар ја контролирал и координирал активноста на четите, бил нарекуван Штаб на источно односно Западно Повардарие.

---

[90] Истото.

[91] Во Скопје и во Бигола дипломатски претставништва имале: а) Битола: Австро-Унгарија, Србија, Романија и Грција додека, Бугарија имала трговско прет ставништво. Англија, Франција и Русија исто така имале во Битола свои претстав ништва но тие биле во ранг на вице-конзулати. Во Скопје конзулати имале: Србија Австро-Унгарија, а Грција, Бугарија и Русија трговски претставништва.

[92] Тодоровски Г., цит. прилог. 186.

Горските штабови биле највисоките раководни тела на оперативните сили на српската вооружена пропаганда на теренот. На чело на секој од овие штабови стоеле активни или пензионирани воени личности. Оваа појава исто така не била случајна дотолку повеќе што активноста што ја вршеле четите, наложувала познавање на воената тактика и стратегија. Затоа голем број воени личности, кои земале активно учество во редовите на оваа организација, не биле ништо друго туку инструктори кои ги подучувале четите во совладување на борбените вештини.

По примерот на раководните органи на организацијата на теренот на Кралството Србија, и раководните тела на теренот на Македонија имале свој делокруг на работа. По делокругот на своите задолженија, највисок орган на српската четничка организација во Македонија бил скопскиот Главен одбор. На него му биле потчинети сите пододбори и месни селски одбори. На чело на овој одбор, во чиј состав влегувале српскиот конзул во Скопје личности од Митрополијата како и од управата на српските основни училишта во Скопје, стоел началник. Началникот на скопскиот Главен одбор бил задолжен да се грижи за сите чети што престојувале на теренот. Под негова управа бил и битолскиот Главен одбор. Паричните средства со кои располагал овој одбор, а што биле давани за издршка на четите, најчесто ги добивал од касата на српскиот конзулат во Скопје која пак од друга страна, Министерството за надворешни работи на Кралството Србија секогаш ја надополнувала, испраќајќи ги скоро секогаш тие средства под име „дополна на касата на Скопскиот конузалт" или „средства за достојно застапување".

Скопскиот Главен одбор како највисоко раководно тело освен со пари бил задолжен да ги снабдува четите и со сите други средства. Тоа снабдување се вршело секогаш, навреме и по тајни канали. Од друга страна, скопскиот Главен одбор бил во тесна врска со Извршниот во Врање. Имено Скопскиот Одбор секогаш бил известуван од Извршниот кога се планира уфрлање на чета, колку четници брои, со кои средства располага, за кој крај е упатена и што сѐ треба да преземе за да дојде во контакт со истата. Посредничката врска помеѓу скопскиот Главен одбор и уфрлените чети скоро секогаш биле месните селски пододбори кои по однапред утврдени знаци за распознавање и договарање, стапувале во контакт со четите пренесувајќи ги нивните барања до скопскиот Одбор.

Покрај главните одбори, и пододборите имале свои задолженија. Пододборите биле должни да обезбедат терен за престој на некоја од четите, доколку таа останувала на терен. Покрај ова пододборите обезбедувале храна, облека и скривници во случај четата да биде прогонета или пак да остане и во зимскиот период на теренот што било реткост кај српската вооружена пропаганда. Најпосле пододборите биле задолжени да обезбедуваат сигурни канали за префрлање на четие одедно место на друго; потоа, сигурна известувачка и курирска служба со цел да се избегнат несаканите последици во случај четата да биде откриена.

Месните пак селски одбори биле најниски тела на организацијата на теренот. На чело на секој ваков одбор стоел селски началник. Покрај

него во составот на ваквиот одбор влегувале уште двајца луѓе од селото како и слелскиот војвода. Под управа на ваков селски одбор биле сите вооружени селани од селото кои биле приврзаници на српската пропаганда. Како пододборите, така и селските одбори се грижеле за обезбедување храна и скривници за четите. За разлика од другите органи на теренот, селските одбори ја играле улогата на агитациони тела, регрутирајќи од месното население луѓе и оспособувајќи ги за одбрана на селото од напади на бугарски или грчки чети. За тоа кои биле сѐ членови на овие тела на српската четничка организација на теренот, какви биле нивните задолженија, односно каква била хиерархиската структура на оваа буржоаска творба, веродојстојна слика дава веќе спомнатиот Весилие Трбиќ, кој за сето ова во своите мемоари пишува:

> „. . . Сите мажи, жени па и деца ѝ припаѓаа на организацијата. Сите без разлика беа должни да ги слушаат сите наредби кои организацијата ги налагаше. За било каков спор, никој не смееше да оди во турски суд, туку споровите се решаваа во село: поголемите реонскиот војвода, а крупните шефот на Горскиот штаб. На чело на организацијата стоеше шефот на Горскиот Штаб потоа, реонските војводи, а во секое село постоеше началник со двајца помошници и селски војвода под чија управа беа сите вооружени селани. Покрај тоа постоеше и селска каса во која месечно се ставаа по 1 грош, околу 10 пари. .“[93]

Од сето дотука изнесено јасно се гледа дека српската четничка организација била типичен полувоени и хиерархиски устроен механизам. Таа била строго централизирана и како таква ја имала целокупната власт над месното македонско население особено во оние краишта кадешто нејзината активност била прилично силна. Таков бил сучајот во Кривопаланечко, Кратовско, Кумановско, Велешко, Скопско, Кичевско, Поречко и Дримколско односно, во оние краишта каде нејзините позиции биле силни и каде со нејзината штетна дејност се раскинувало етничкото единство на македонскиот народ на кого сега со оружје му се всадувала туѓа национална свест, туѓа на неговиот јазик, вера, обичаи, односно материјална и духовна култура.

**Drägän Vëlköv**

## THE ACTIVITY OF THE SERBIAN CHETNIK ORGANIŽATION IN MACEDONIA FROM THE BEGINNING OF THE XXTH CENTURY TO 1905

### Summary

This paper reviews the activity of the Serbian armed chetnik organi-
This paper reviews the activity of the Serbian armed chetnik organization in Macedonia from the beginning of the 20th century to 1905.

---

[93] ДА—СИП—Београд. Цитиран фонд како под белешката 66. Види документ бр. 226.

Basing his position on rich archive documentation, the author chronologically follows this type of propaganda of the Serbian Kingdom in Macedonia from its very beginnings to 1905 when it got definitely organized.

The establishment of the managerial bodies of this semimilitary armed mechanism of the Serbian bourgeioisie (the Executive, Business, Main or Supreme Council), then, the ubcouncil and other accessory bodies, their strictly directed activity toward Macedonia are also subject of interest in this paper.

The author pays a particular attention to the organizational structure of the Serbian chetnik organization in the region of Macedonia.

Pointing out that the Serbian armed chetnik organization in Macedonia was a forward semi-military regiment of the Serbian bourgeoise, the author passes down to us the number of the chetnik groups sent to Macedonia in the mentioned period, the place where they prepared themselves for the actions, the staff of each group, the exact date of their sending off, the names of the regions in Macedonia where they spread their activity.

Finally, this paper confirms the failure of the Serbian authorities from that time, to describe the activity of the Chetnik organization in public, as activity of „nobody but the Serbs in Macedonia" which is certainly far from the historic truth.